УТРОТО НА БЕССОНИТЕ

АНДРЕЈ АЛ-АСАДИ

Изданието е објавено со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура

БИБЛИОТЕКА – **НАШЕ МААЛО**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Андреј Ал-Асади, УТРОТО НА БЕССОНИТЕ

© Андреј Ал-Асади, 2021
© Бегемот, 2021

Лектура
Ирена Ралева

Јазична редакција
Филип Димевски

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

УТРОТО НА БЕССОНИТЕ

АНДРЕЈ АЛ-АСАДИ

Бегемот
Скопје, 2021

СОДРЖИНА

РОЗОВИ ЈАГНИЊА 7
ЕДЕН ЈАЗИЌ 12
КРУГ 16
ВЕРТИКАЛА 22
UN AMORE GRANDE! ИЛИ ЗИНИ ДА ТИ КАЖАМ! 26
ОПАЧИНА 36
ЕДНО ОБИЧНО ОКТОМВРИСКО УТРО 50
ИЗГУБЕНАТА БИТКА 53
НЕДОРЕЧЕНОСТИ 60
ЗЕЛЕНИ ПОЉАНИ 68
РАЗДЕЛБА 73
УТРОТО НА БЕССОНИТЕ 78
ВУЛЕ ЗАГАЗОВИЌ 85

РОЗОВИ ЈАГНИЊА

Беше речиси три часот наутро, кога рипнав задишан од постелата и почнав лудачки да се обрнувам наоколу, како да барам нешто или некого. Со олеснување ја забележав Марија, која удобно се беше стуткала во јорганот покрај мене. Нејзините бели гради рамномерно се креваа и се спуштаа во мракот. Со нежна радост слушав како топлиот здив се провлекува низ процепот помеѓу усните. Посакав да ја допрам, кога тенката дланка, небаре сребрен пајак, за миг ѝ затрепери и се повлече од закосените месечеви зраци кон густата темнина на нејзината половина од креветот. Ја префрли раката преку главата и се сврте на другата страна. Воздивнав и ја избришав потта од челото. Често знаев да сонувам вакви глупости. Неколкупати дури се чувствував како да се наоѓам на раб на лудило. Понекогаш не успевав да се разбудам навреме и морав да се борам до последниот здив. Се борев со богомолки со човечки лица, свињи облечени во латекс и со сатари во рацете, магарења во

лудачки кошули, кои тивко ме довикуваа за да им помогнам да си го гризнат опашот, дебелиот комшија во тантелен розов фустан, топките за билјард што ме бркаа низ старата куќа на баба ми, книгите со кучешки заби... се борев, сè додека не ја растурам и натопам во пот целата постела. Полека станав и се упатив кон тоалетот. Го вклучив светлото и влегов. Застанав пред тоалетната школка. Ги потегнав пижамите надолу, го фатив и почнав да се олеснувам. Спуштајќи го погледот, забележав дамка крв врз белата даска од ве-це школката. Се наведнав и ја набљудував од сите страни. Се прашував што би можела да биде. Првото нешто на кое успеав да се сетам беше Марија. Но, таа спиеше толку тивко и кротко, сонувајќи розови јагнишња (си замислував и задоволно се смешкав) што ѝ ги лижат и ѝ ги бакнуваат стапалата. Но, контрастот помеѓу дамката и белата површина на даската ме исполнуваше со чудна непријатност. Внимателно си ги испитував дланките, лактите и колената, барајќи какво било објаснување. Уште еднаш погледнав во дамката. Ја кренав даската, а таа се стркала во внатрешноста од школката. Ја затворив и ја пуштив водата. Застанав пред огледалото и ме пролазија морници. Бргу ја кренав даската и видов дека целата школка е исполнета со густа каша од крв. Вреснав и ја затворив. Седнав врз неа. Слушав капење, а потоа и топлина на нозете. Рипнав од даската и се повлеков неколку чекори. Тоалетната школка исплукува-

ше крв и коса. Полека се свртев кон огледалото, чувствувајќи сè поголем студ во дланките и стапалата. Ми се сврте во главата и за малку што не паднав. Мазната површина од стаклото воопшто не го покажуваше моето лице. Ме облеа студена пот и почнав да штракам со вилиците. Ја подадов раката, не можејќи да си поверувам на сопствените очи и, одненадеж, дланката потона од другата страна на стаклото. Тоалетната школка исплукуваше сè поголеми топки од крв и влакна. Знаев дека не смеам да се задржам ниту миг повеќе. Без размислување, нурнав во огледалото и се најдов од другата страна. Густ и незаситен мрак се шириеше во сити правци. Воздухот беше студен, а темнината се прелеваше до бесконечност. Далеку пред себе, забележав една светла точка што трепереше како ѕвезда на хоризонтот. Нешто ме охрабри да појдам натаму. Ја подадов десната, па левата нога, десната, па левата, десната и несвесно зачекорив напред. Се свртев зад себе, забележувајќи го светлиот правоаголник на огледалото, како врамена слика од тоалетот што се полнеше со крв. За момент, почувствував огромна сила што ме повлече наназад. Се наоѓав на половина пат помеѓу огледалото и таа чудна и искршена светлина. Не! Мора да завршам со ова што поскоро, си помислив и продолжив напред, борејќи се со силата што ме влечеше. Светлината стануваше сè посилна. На неколку стапки од неа, веќе не можев да распознам ништо околу себе. Секој обид да ги отворам очите за-

вршуваше со остар бран болка, што како струја се разлеваше низ черепот. Ги собрав сите сили и успеав да направам уште еден чекор. Замижав и се фрлив во заслепувачката светлина. Тонев. Паѓав. Претав со рацете и нозете. Гледав наоколу, не можејќи да разберам каде сум. Уште паѓав. Паѓав и тонев. И по неколку секунди, светлината околу мене почна да се разретчува. Можев да ги распознам предметите. Го гледав креветот и двете сеништа во него. Да, тоа е Марија. Ја познав по прстенот на левата дланка. Сè уште спие стуткана под белиот јорган. Светлината сосема се разретчи и почувствував остра болка, како сечило во слепоочниците. За малку што не паднав наземи. Моето тело беше испружено веднаш до Марија. Бело и неподвижно. Очите беа ококорени, а усните сиви и напукнати. Знаев дека сонот завршува тука. Воздухот беше натежнат од мирисот на измет и урина. Бавно се приближив и се наведнав над сопственото лице. Како да се беше згрчило токму во мигот кога сум сакал да кажам нешто. Нешто последно и важно. Марија длабоко воздивна и се сврте на другата страна. Можев да забележам дека светлината го бркаше мракот угоре по ѕидовите. Сончевината лазеше по работ од сините ролетни, а врапците веќе го беа запеале утринскиот менует. Марија повторно воздивна. Посакав да направам нешто. Да ја разбудам или, можеби, само да вриснам. Но, знаев дека сето тоа ќе биде бадијала; дека тука сите мои надежи и стравови ја губат својата

смисла; дека тагата не е ништо повеќе од еден погубен компромис; дека требаше да целам на сè или ништо. Застанав пред прозорецот и се загледав во далечината. Златното чело на сонцето се наѕираше од зад пурпурниот планински венец, а првите автомобили веќе ги обиколуваа улиците. Градот полека се будеше без мене. Почувствував како една солза се стркала по лицето на покојникот.